Врз основа на член 59, 60, 61 и 63 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.20190

ООУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ“ ВОЛКОВО, ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТОРВ објавува

**ОГЛАС ЗА ЗАПИШУВАЊЕ УЧЕНИЦИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ**

Право на запишување во прво одделение имаат:

- сите деца родени во 2014 година кои до 31.12.2020 година ќе наполнат 6 година
- Дополнително деца родени до 31.01.2015 година (по барање на родител и добиена согласност од стручната служба).

**Запишувањето на ученици во прво одделение трае од 01.06.2020 година до 30.06.2020 година,** со електронско пријавување (кое е во тек) и електронско поднесување документи на **e-mail: prvacejoakim@yahoo.com** согласно дадени инструкции во известувањето објавено на веб страна на училиштето и на огласна табла на училиштето.

За граѓаните кои немаат услови за on-line пријавување, ќе се овозможи лично доставување на пријавите и потребните документи во текот нна месец јуни, по претходно најавување на телефонот на училиштето 02 2053 117.

Постапката за запишување ја спроведува Комисија за запишување ученици во прво одделение .

# ООУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ“

## ВОЛКОВО- ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


ООУ„Јоаким Крчоски“ Волково

Телефон и факс: 02 20-53-117

Email-jkvolkovo@yahoo.com

Web: oujoakimkrcoski.edu.mk


ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА УПИС :

- Извод од матична книга на родените за детето (фотокопија)
- Лекарска потврда за примени задолжителни вакцини за детето издадена од надлежна здравствена установа
- Потврда од стоматолошки преглед издадена од Јавно здравство во Поликлиника Ѓорче Петров
- Лични карти од двајцата родители/старатели како доказ на местото на живеење (фотокопија)

Доколку детето посетувало градинка родителот доставува досие на детето издадено при испис од градинката (најдоцна до 31.08.2020).

- При запишување на детето со попреченост родителот/старателот е должен да достави мислење/функционален профил од Комисијата за проценка на деца и малдинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ. Запишувањето на детето по барање на родител/старател, Комисијата може да го одложи за една година ако се утврди дека детето на е подготвено да оди на училиште.

За запишаните ученици училиштето истакнува список на огласна табла на училиштето и на веб страната на училиштето најдоцна до 15 јули 2020.

Наставата се организира класично во две паралелки.

За учениците се обезбедени детски компјутери во настава, бесплатен дневен престој, згрижување на децата половина час пред и по наставата и бесплатен автобуски превоз. Учениците се вклучуваат и во воннаставни активности, посети на културни установи, театар, музеј,детски фестивал.

